## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Калциум нитрат 47% редовно се применува во фазата на цветање, а особено во фазата на формирање плодови, со цел создавање здрави и добро обоени плодови. Редовната исхрана со калциум, особено кај градинарските култури и кај овошките, е многу важна за избалансирана исхрана со калиум и со магнезиум. Калциум нитрат 47% може да се применува и во другите фази на раст и развиток бидејќи содржи азот. На почва каде што има постојан дефицит на калциум се препорачува фолијарна апликација најмалку еднаш на 7 до 10 дена, во концентрација од 0,5 %.
Со апликација на Калциум нитрат 47% може да се спречи појавата на хлороза, односно се обезбедуваат стабилни и квалитетни приноси. Кај јаболкото се спречува појавата на горчливи дамки на плодот, кај пиперката и кај доматот се спречува појавата на гниење на врвот од плодот, кај марулата - пригор на листот и др. Се препорачува Калциум нитрат 47% да се аплицира со водата за наводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на системот за микронаводнување и со фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почетно и масовно плодоносење | 5 апликации на 7-10 дена | 8 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 2-3 апликации | 6-8 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст на плод-зрно* | 5 апликации на 7 дена | 10 l ѓубриво со најмалку 5000 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почетно и масовно плодоносење | 4-5 апликации на 10-14 дена | 400 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата | 2-3 апликации | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Пораст на плод-зрно | 4-5 апликации на 10-14 дена | 500 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
Растворот од Калциум нитрат 47% не смее да се меша во ист резервоар со сулфатните и со фосфорните ѓубрива. Може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (8,0 ± 0,2) % |
| Калциум (CaO) | (16,0 ± 0,3) % |
| $Ca(NO_3)_2$ | (47,0 ± 1,0) % |